**АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ - СКОПЈЕ**

**Предмет: Образложение за работењето на АД Македонски телекомуниакции за периодот од 01.01.2007 до 31.03.2007**

АД Македонски телекомуникации е најголемата компанија која обезбедува услуги од областа на фиксната телефонија во Македонија. Телекомуникацискиот сектор во Македонија е регулиран со имплементирањето на новиот Закон за електронски комуникации донесен во Март 2005. АД Македонски телекомуникации имаат Концесиски Договор врз база на кој претходно споменатите услуги можат да ги обезбедуваат до 31 декември 2018 година. Од 2007 година практично започнува да се либерализира пазарот во фиксната телефонија.

Во текот на првите три месеци од 2007 година, приходите од телекомуникациските услуги на домашен пазар се стабилни во однос на истиот период минатата година. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст како резултат на продолжување на трендот на пораст на бројот на АДСЛ Интернет претплатници. Делот на приходите од мобилната телефонија бележи пораст и покрај конкуренцијата, што се должи на порастот на бројот на претплатниците.

На страната на трошоците забележуваме опаѓање на трошоците за вработени како резултат на оптимизација на бројот на вработените. Останатите оперативни расходи бележат намалување како резултат на општо намалување на трошоците. Имено, остварено е намалување на расходите по основ на исправка на сомнителни и спорни побарувања како резултат на поголема наплата на побарувањата, намалување на трошоците за енергија, како и намалување на негативните курсни разлики во 2007 година споредено со истиот период минатата година.

Како што беше претходно објавено, Маѓар Телеком, која поседува 51.00% од АД Македонски телекомуникации - Скопје преку Каменимост комуникации АД Скопје во ликвидација, сеуште врши истрага во однос на можни прекршувања на политиката на компанијата или важечките закони и прописи. Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком, е сеуште во тек. Како резултат на истрагата, доставената годишна сметка сеуште не е ревидирана. Не може да се даде уверување дека како резултат на истрагата финансиските извештаи за 2005 година и финансиските извештаи или финансиските информации за било кој друг период, вклучувајќи го било кој период од 2006 година нема да се разликуваат од оние поднесени и објавени пред завршувањето на истрагата и ревизијата на тие финансиски извештаи и податоци.

Атила Сендреи
Главен извршен директор

*АД МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ-СКОПЈЕ*

# КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ на 31.03.2007

**Македонски Телекомуникации АД Скопје**
**Матичен број 5168660** (во илјади денари)

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО СПОРЕД МСФИ

| | АОП | 31.03.2007 | 31.03.2006 |
|---|---|---|---|
| **Позиција** | | | |
| **Приход од продажба** | 032 | 4.145.913 | 4.033.519 |
| Останати оперативни приходи | 033 | 69.333 | 63.967 |
| Промени на залихи на готови производи и производство во тек | 034 | | |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | 035 | - | 7.082 |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 036 | (15.279) | (21.058) |
| Трошоци за вработените | 037 | (371.185) | (418.544) |
| Амортизација и ревалоризација на амортизациаја | 038 | (810.049) | (950.368) |
| Останати оперативни расходи | 039 | (1.157.125) | (1.254.218) |
| Набавна вредност на трговски стоки | 040 | (253.575) | (185.283) |
| **Добивка/загуба од оперативно работење (АОП 032 до 040)** | 041 | **1.608.033** | **1.275.097** |
| Финансиски приходи | 042 | 168.515 | 146.581 |
| Финансиски расходи | 043 | 7.572 | 459 |
| **Добивка/загуба пред оданочување (АОП 041+042-043)** | 044 | **1.768.976** | **1.421.219** |
| Данок од добивка | 045 | 225.424 | 196.525 |
| **Добивка/загуба од редовно работење по оданочување (АОП 044-045)** | 046 | **1.543.552** | **1.224.694** |
| Малцински интерес | 047 | | |
| **Нето добивка/загуба од редовни активности (АОП 046-047)** | 048 | **1.543.552** | **1.224.694** |
| Вонредни приходи | 049 | | |
| Вонредни расходи | 050 | | |
| **Нето добивка/загуба (АОП 048+049-050)** | 051 | **1.543.552** | **1.224.694** |

Атила Сендреи
Главен извршен директор

БесТел - овластен превод